РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 24-6105/1
... 20 год.
СКОПЈЕ

811/1

Друштво за производство промет и услуги ДОО увоз-извоз
МЕХАНИЗАЦИЈА
бр 19/17
04.12 2017 год
с.Зрновци, Зрновци

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија„ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот "Видовиште-Припечани", општина Зрновци и општина Чешиново-Облешево на Друштвото за производство, промет и услуги МЕХАНИЗАЦИЈА ДОО увоз-извоз с.Зрновци, Зрновци бр.44-4460/1 од 29.08.2017 година (Службен весник на Република Македонија бр.121/17) и членот 23 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Видовиште-Припечани", општина Зрновци и општина Чешиново-Облешево бр.24-5677/1 од 13.11.2014 година,

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Kreshnik Bekteshi (во понатамошниот текст: Концедент) и**

**2. Друштвото за производство, промет и услуги МЕХАНИЗАЦИЈА ДОО увоз-извоз с.Зрновци, Зрновци,**
**со адреса на ул.Илинденска бб, Зрновци, Република Македонија,**
**застапувано од лицето Марјанчо Шопов, (во понатамошниот текст: Концесионер),**

**на ден __________ 2017 година во Скопје, склучија**

## АНЕКС
## НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА-ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ВИДОВИШТЕ-ПРИПЕЧАНИ", ОПШТИНА ЗРНОВЦИ И ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

### Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Видовиште-Припечани", општина Зрновци и општина Чешиново-Облешево бр.24-5677/1 од 13.11.2014 година, членот 3 се менува и гласи:

**„Член 3**

**Рок на важење на концесијата**

Концесијата од член 2 на овој договор се доделува за период од 15 (петнаесет) години".

### Член 2

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 6 (шест) примероци за Концедентот и по 1 (еден) примерок за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Видовиште-Припечани", општина Зрновци и општина Чешиново-Облешево бр.24-5677/1 од 13.11.2014 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина- варовник на локалитетот „Видовиште-Припечани", општина Зрновци и општина Чешиново-Облешево бр.24-5677/1 од 13.11.2014 година остануваат во сила, непроменети.

**За Концедентот**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА,**
**Kreshnik Bekteshi**

**За Концесионерот**
**Друштво за производство, промет**
**и услуги МЕХАНИЗАЦИЈА ДОО**
**увоз-извоз с.Зрновци, Зрновци**
**Марјанчо Шопов**

Изработил: Снежана Трајановска-Богоева
Контролирале: м-р Јетон Кучи
д-р Ејуп Љатифи
Согласен: Зоран Павловски